Одговор:

- Како припадници на влашката етничка заедница на служба во Армијата, се изјасниле вкупно 18 офицери. Од нив, еден офицер завршил Школа за национална одбрана во 2018 година, а уште еден ќе биде упатен во периодот од септември 2022 година до јуни 2023 година. Должностите на кои се поставени се класифицирани информации;
- Како припадници на влашката етничка заедница на служба во Армијата, се изјасниле вкупно 9 подофицери. Од нив, еден подофицер завршил највисока школа за подофицери во 2011 година. Должноста на која е поставен е класифицирана информација;
- Во Генералштабот на раководна должност нема офицер кој се изјаснил како припадник на влашката етничка заедница;
- Еден припадник на влашката етничка заедница на служба во Армијата, офицер, е поставен на командна должност во Армијата од 2018 година. Должноста на која е поставен е класифицирана информација;
- Еден офицер кој се изјаснил како припадник на влашката етничка заедница, е поставен на раководна должност во Воената Академија, со завршени Докторски студии.
- Во Министерството за одбрана како припадници на влашката етничка заедница кои се поставени на раководна должност се изјасниле 2 лица. Едно лице е во Сектор за поддршка на министерот од 2019 , а другото лице е во Сектор за човечки ресурси од 2006 година.
- Во служба на Армијата нема офицер со генералски чин, кој се изјаснил како припадник на влашката етничка заедница.